


# ОФЕЛИЈА САРАФОВА

ГАРДЕН ИМИЦ

Битола, Септември 2000

Шармот на цветните хармонии - Шпилот од букетните хоризонти

**Авторот** на овие сликарски дела, не внесува и пренесува меѓу тајните од **ликовното огледало**, во кое престојуваат загадочни сликовни описи од најразновидни, цветни прикази, придружени со разнообразни симболични детали, мотиви и целини. Тие тематски и естетски ја истакнуваат благородноста на **тајната-ЦВЕТ**, на тајните ЦВЕТОВИ, и околните - Светови околу нив…
**Создателот пред огледалото** на цветните и букетните уметнички тајнописи се посветува на палетната и тоналитетна мистерија-превезена со волшепствените и страствените метафори кои ги поседуваат само нијансите и тоновите, а тие се разнолични, бескрајни цветни преобразби што ликовно симболизираат цветни царства, кои се неповторливи, никогаш исти, ниту пак слични. Затоа што, овие слики се насликани од ликовни љубопитства и уметнички интими, во сета раскош и убавина што треба да се почувствуваат, па потоа да се овековечат во вечен, свечен, овековечен, празничен Миг-Моќ, од цветни харизми, од хармонии, од магични цветни хоризонти, **Шпилови од цветни шармови** !!!

Меѓу изложените сликарски претстави од цветни и букетни импресии, низа придружни симболи: вази, садови - во кои се сместени овие прекрасни сликописи, разни масички врз кои се поставени цветните слики од загадоштва, како и околните амбиенти што го претскажуваат непредвидливиот, таинствен живот, со древен прибор за накит, отворена книга меѓу чии страници почива свет на еден цвет.
……Лирика, поетика, шепотливост, сеќавања, мечтаења, сонувања !!!!!!

Тажни и радосни цветни предели и глетки, треперливи, сензуални и сензибилни ликовни сеанси што привлекуваат и освојуваат, облагородуваат, а тоа умее само уметничката емоција и самотија кога се создаваат сликите, кои се **арт-огледало на авторот**.

Ричард Иванишевиќ



**Сарафова Офелија**, родена 1958 год. во Битола,

Има завршено Виша економска школа во Прилеп.

Работи во Министерството за финансии-Управа за јавни приходи - дирекција Битола.

Живее во Битола ул. "Едвард Кардељ" бр. 8/12

тел. 097 / 227-836











